Број: 03-299
05.11.2026 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки /
Правни работи / финансии / Ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ја повеќегодишната традиција на размена на информации, искуства и зголемување на вештините, како и барањата за меѓусебно континуирано информирање во текот на спроведувањето на пописите како неопходен услов за започнувањето на подготовката на завршната сметка, организира консултативна работилница за презентирање на актуелни теми и давање прецизни одговори и насоки за соодветно и законско постапување, на тема:

„Новини во Законот за јавни набавки, ефективни јавни набавки: правила, критериуми и евалуација“

Работилницата ќе се одржи на **24 Ноември 2026 година во хотел „Гарденија“, Велес.** Регистрацијата на учесниците е од 09:30 до 10:00 часот, а почетокот на работилницата е од 10:00 часот.

Работилницата има за цел да обезбеди стручен, директен, сеопфатен и интерактивен пристап, преку обезбедување одговори на поставените прашања, компетенти и прецизни насоки за постапување во областа на јавните набавки, преку разработување на следните теми – области:

- **Новини во јавните набавки**
- **Критериум за избор**
- **Спроведување на постапката и евалуација на понудите со економски најповолна понуда**

Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан на кој учесниците ќе имаат можност да дискутираат и на други теми за кои ќе има интерес за дискусија, а воедно и да добијат одговори и насоки за постапување за конкретни и практични отворени прашања од областа на јавните набавки. Со овој пристап учесниците на работилницата ќе ги надградат сопствените знаења во функција на правилно, законско и навремено постапување.

Работилницата ќе ја реализираат д-р Маре Богева Мицовска и м-р Катерина Николовска, практичари и професионални обучувачи со огромно долгогодишно работно искуство во областа на јавните набавки.

Искористете ја оваа исклучителна можност да учествувате на обуката, да ги надградите своите знаења и практични вештини и да размените информации за областите од работилницата.

Надоместокот за учество на работилницата е задолжителен за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **8.500,00 (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници од институцијата Надоместокот за учество на работилниците можете да ја уплатите на:

Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје / или
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје
Даночен број МК 4004997107233

Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.

Пријавување учество за работилница:

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com. Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски